Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија врз основа на член 43 од Законот за енергетика енергетика (Службен весник на Република Македонија бр. 16/11, 136/11, 79/13, 164/13, 41/14, 151/14, 33/15, 192/15, 215/15, 6/16, 53/16 и 189/16) и член 44 став 3 и 45 од Правилникот за лиценци за вршење на енергетски дејности (Службен весник на Република Македонија бр.143/11, 78/13, 33/15 и 207/16), постапувајќи по Барањето УП1 бр.07-187/13 од 31.03.2017 година на Друштвото за производство, трговија, промет и услуги СОЛАРСАНС КМ ДООЕЛ увоз-извоз Македонска Каменица со седиште на ул. Македонска бр.15 Македонска Каменица, за менување на лиценца за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија и постапувајќи по службена должност на седницата одржана на 02.05.2017 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА МЕНУВАЊЕ НА ЛИЦЕНЦА ЗА ВРШЕЊЕ НА ЕНЕРГЕТСКАТА ДЕЈНОСТ ПРОИЗВОДСТВО НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА**

1. Во Одлуката на Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија УП1 бр.07-187/13 од 26.09.2013 година, за издавање на лиценца за вршење на енергетската дејност производство на електрична енергија, на Друштвото за производство, трговија, промет и услуги СОЛАРСАНС КМ ДООЕЛ увоз-извоз Македонска Каменица, ул. Македонска бр.15 Македонска Каменица (Службен весник на Република Македонија бр.134/13):

   1.1 Во Точка 1 зборовите “Друштвото за производство, трговија, промет и услуги СОЛАРСАНС КМ ДООЕЛ увоз-извоз Скопје, со седиште на бул. Јане Сандански бр.76/2 Скопје” се менуваат со зборовите “Друштвото за производство, трговија, промет и услуги СОЛАРСАНС КМ ДООЕЛ увоз-извоз Македонска Каменица, со седиште на ул. Македонска бр.15 Македонска Каменица”

   1.2 Во Прилог 1 се прават следните измени:
   - точка 1 се менува и гласи:
     “Друштво за производство, трговија, промет и услуги СОЛАРСАНС КМ ДООЕЛ увоз-извоз Македонска Каменица, со седиште на ул.Македонска бр.15 Македонска Каменица”;
   - во точка 5 евидентниот број на издадената лиценца се менува и гласи:
     „ЕЕ - 141.01.1/13, 2/17 “;
   - во точка 12 став 1 зборовите “Друштвото за производство, трговија, промет и услуги СОЛАРСАНС КМ ДООЕЛ увоз-извоз Скопје со седиште на бул. Јане Сандански бр.76/2 Скопје” се менуваат со зборовите “Друштвото за производство, трговија, промет и услуги СОЛАРСАНС КМ ДООЕЛ увоз-извоз Македонска Каменица со седиште на адреса на ул. Македонска бр.15 Македонска Каменица”; во став 2 се додава нова алинеја 7 која гласи:
     „доставува податоци и информации согласно Правилникот за следење на функционирањето на енергетските пазари“
   - во точка 15 став 1 алинеја 1 се брише.

2. Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен весник на Република Македонија.

**О б р а з л о ж е н и е**

Друштвото за производство, трговија, промет и услуги СОЛАРСАНС КМ ДООЕЛ увоз-извоз Македонска Каменица со седиште на адреса на ул. Македонска бр.15 Македонска Каменица, согласно член 45 став 1 од Правилникот за лиценци за вршење на енергетски дејности (Службен весник на Република Македонија бр.143/11, 78/13, 33/15 и 207/16) (во понатамошниот текст: Правилник), на ден 31.03.2017 година достави Барање за отпочнување на постапка за менување на лиценца за производство на електрична енергија заради промена на називот на друштвото сопственичката структура, промена на седиштето и промена на управителот.

Барателот има направено измени во називот на друштвото од Друштвото за производство, трговија, промет и услуги СОЛАРСАНС КМ ДООЕЛ увоз-извоз Скопје во Друштвото за производство, трговија, промет и услуги СОЛАРСАНС КМ ДООЕЛ увоз-извоз Македонска Каменица а ги има задржано ЕМБС 6600174 како и ЕДБ 4057010507002. Исто така направена е промена на седиштето на друштвото од бул. Јане Сандански бр.76/2 Скопје во ул. Македонска бр.15 Македонска Каменица.

Извршена е промена во сопственичката структура на друштвото претходниот сопственик г-нот Горанчо Паунов е избришан а е впишан г-нот Александар Спасевски. Воедно е направена и промена во овластените лица за застапување на друштвото претходно бил управител г-нот Горанчо Паунов кој е избришан а е впишан г-нот Александар Спасевски.

Направените измени спроведени и во Централниот регистер на Република Македонија видно од Решение за упис на промена со деловоден број 35020160030952 од 06.12.2016 година.

Регулаторната комисија за енергетика постапи согласно член 45 став 2 и 3 од Правилникот и изготви Заклучок за отпочнување на постапка за менување на лиценцата УП1 бр. 07-187/13 од 10.04.2017 година во кој беше наведена потребната документација за постапката за менување на лиценцата како и за рокот за доставување на истата.

Барателот достави документација за менување на лиценца со допис УП1 бр. 07-187/13 од 20.04.2017 година. Документацијата беше уредно доставена согласно Заклучокот.

Воедно, постапувајќи по службена должност, а во врска со член 44 став 3 од Правилникот за лиценци за вршење на енергетски дејности, Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија, поради усогласување со Правилникот за следење на функционирањето на енергетските пазари („Службен весник на Република Македонија“ бр. 207/16 и 215/16), врши менување на горенаведената Одлука. Усогласувањето на лиценцата се однесува на обврската за доставување на податоци потребни за следење и контрола на пазарот на електрична енергија. Врз основа на оваа измена носителот на лиценцата, ќе има обврска бараните податоци да ги доставува на начин и во рокови дефинирани во Правилникот за следење на функционирањето на енергетските пазари.

Врз основа на член 22 став 1, алинеја 16, од Законот за енергетика и член 28 став 1 од Правилникот за лиценци за вршење на енергетски дејности, Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија, на ден 02.05.2017 година, одржа главна седница и донесе Одлука за менување на лиценцата за вршење на енергетската дејност производство на електрична енергија, на Друштвото за производство, трговија, промет и услуги СОЛАРСАНС КМ ДООЕЛ увоз-извоз Македонска Каменица со седиште на ул. Македонска бр.15 Македонска Каменица.

Имајќи го предвид горенаведеното, се одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против оваа Одлука може да се поднесе жалба до Комисијата за решавање на жалби од областа на енергетиката, во рок од 15 дена од денот на приемот.

**УП1 Бр. 07-187/13**
**02.05.2017 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**

**Димитар Петров**